**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А  А Д – С К О П Ј Е**

**О Д Л У К А**
**за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје**

**Скопје, март 2020**

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. Бр.394/19.11.2019 пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 04.03.2020, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје**

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје го именува Г-дин. Христос Христодулу како член на Надзорниот одбор.

2. Г-дин. Христос Христодулу е именуван на позицијата на Г-дин. Димитриос Христопулос, кој поднесе оставка како член на Надзорниот одбор.

3. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од член 1 на оваа Одлука ќе трае четири години.

4. Оваа Одлука влегува во сила по добивањето на согласноста од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија за негово повторно именување за член на Назорниот одбор.

С.О.Бр. ____
04.03.2020
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во Согласност со Законот за Банки и Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (СБ или Банка), членовите на Надзорниот одбор се именувани од страна на Собранието на акционери на СБ. Мандатот на членовите е утврден на 4 (четврти) години.

Се предлага на Собранието на акционери да го именува Г-дин. Христос Христодулу како нов член на Надзорниот одбор на позицијата на Г-дин. Димитриос Христопулос. Г-дин. Димитриос Христопулос поднесе оставка на мозицијата член и заменик претседател на Надзорниот одбор на Банката.

Г-дин. Христодулу е Генерален извршен директор за финансии и член на Ивршниот одбор на Групацијата на НБГ. Имајки го во предвид неговото образование, искуство и експертиза се очекува учеството на  Г-дин. Христодулу да го поддржи работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка.

Во согласност со Законот за Банки, предложеното именување ќе влезе во сила од моментот на добивањето на релевантната согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република С. Македонија.

Скопје, Јануари 2020 **НАДЗОРЕН ОДБОР**